**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 27-09-2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4587 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 септември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

*__Дневно-информативни емисии__*

Опфатени се десет изданија на ТВ Дневникот од 18 часот и 30 минути, со вкупно времетраење на мониторираниот примерок од – 3 часа 38 минути и 10 секунди.

*Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови*

| МРТ 2 – албански јазик | Траење | Процент | |
|---|---|---|---|
| Други субјекти | 00:40:10 | 18,41 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:19:36 | 8,98 | % |
| Без субјекти | 00:09:24 | 4,31 | % |
| Локална самоуправа | 00:15:19 | 7,02 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:50 | 2,22 | % |
| СДСМ | 00:16:51 | 7,72 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:08:35 | 3,93 | % |
| Судство | 00:06:14 | 2,86 | % |
| Влада на РМ | 00:16:34 | 7,60 | % |
| Собрание на РМ | 00:08:28 | 3,88 | % |
| Привремена комисија | 00:02:44 | 1,25 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:13:08 | 6,02 | % |
| ДИК и други органи | 00:02:12 | 1,01 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:09:56 | 4,55 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:07:08 | 3,27 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:11:17 | 5,17 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:36 | 2,11 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:01:25 | 0,65 | % |
| Специјално обвинителство | 00:13:11 | 6,04 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:01:14 | 0,57 | % |
| Беса | 00:00:41 | 0,31 | % |
| НДП - Национална демократска преродба | 00:01:05 | 0,50 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:45 | 0,80 | % |
| Левица | 00:01:46 | 0,81 | % |
| | **Вкупно: 03:38:10** | **100** | **%** |

Распоредот на темите, новинарски проследени неутрално – главно преку облиците на вест (во низа) и на извештај (со стручен коментар), во централната информативна емисија од 18 часот и 30 минути на Вториот програмски сервис што се емитува на албански јазик, диктиран е според актуелните потреби на пошироката јавност: Во првите четири дена (од 12 до 15 септември), врвот на аудиовизуелната целина од ТВ Дневникот составен е од информативни прилози чија содржина произлегува од серијата земјотреси во Скопје и во скопско (вести во низа и извештаи со презентација на експертски ставови), како и од организираниот пристап на локалната или на државната власт за конечното разрешување на последиците од поплавите што го зафатија споменатиот регион за време на летото (коментаторски извештаи, но и социјални репортажи обмислени околу животна приказна). Во прилозите е застапен став и одговорност на надлежна државна институција или на орган од локалната самоуправа (*директори на градинки и на основни училишта, претставници на министерствата за здравство, за образование и за труд и социјална политика, ИЗИИС, Сеизмолошката опсерваторија при ПМФ, Град Скопје, Црвениот крст на Република Македонија*), но посебно новинарско внимание е свртено кон социјалниот аспект на споменатата проблематика, односно, за новинарите е еднакво важна и перспективата на граѓаните (*начинот на кој се справуваат со штетата по својот имот или со штетата врз јавните објекти каде што им се одвива секојдневието – училишта, работни места, и слично; илустративен пример за ваквиот екстензивен репортерски приод се*

*прилозите од скопското село Хасанбег, најпогоденото од поплавите*). Фреквентна тема во вестите од овој период е и празнувањето на Курбан Бајрам.

Од актуелните теми што се врамуваат во политичките расправи во Собранието на Република Македонија, приоритет им е даден на: Ребалансот на буџетот за 2016 година (повторно, во прилог на она што е погоре речено - со посебна нагласка врз надзорната комисиска расправа за обештетување на поплавените подрачја во скопско), усвојувањето на буџетот за 2017 година; Извештајот на СЈО за својата шестмесечна работа и двете обвиненија што ги покрена по аферата „Прислушкување", како и непосредната вклученост на СЈО во судските рочишта за случајот „Пуч"; предлозите на ДУИ за прераспределба на гласачкото тело од Шестата изборна единица; јавната собраниска расправа за процесот на лустрацијата и постојниот статус на Комисијата за верификација на фактите; владиниот предлог за вработување 100 најдобри студенти од петте најдобро рангирани македонски универзитети, со посебен осврт врз несогласувањето на ДУИ и на ДПА поради можното политичко влијание врз работата на Тетовскиот универзитет. И за овие актуелни теми информативната редакција од Дневникот на МРТ2 се обидува да обезбеди плуралитет гледишта не само од претставници на опозицијата или од претставници на владеачките партии, туку и од релевантни економски и политиколошки експерти, како и од лица непосредно засегнати од внатрешно-политичките процеси.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| | Траење | Процент | |
| Други субјекти | 00:16:54 | 22,30 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:04:51 | 6,40 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:48 | 2,38 | % |
| Привремена комисија | 00:01:27 | 1,91 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:02:40 | 3,52 | % |
| Влада на РМ | 00:04:19 | 5,70 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:34 | 6,03 | % |
| ДИК и други органи | 00:00:45 | 0,99 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:38 | 7,43 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:04:28 | 5,89 | % |
| СДСМ | 00:08:12 | 10,82 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:04:27 | 5,87 | % |
| Граѓански сектор | 00:02:19 | 3,06 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:39 | 0,86 | % |
| Специјално обвинителство | 00:05:00 | 6,60 | % |
| Локална самоуправа | 00:05:35 | 7,37 | % |
| ГРОМ - Граѓанска опција за Македонија | 00:00:54 | 1,19 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:52 | 1,14 | % |
| Левица | 00:00:25 | 0,55 | % |
| | **Вкупно: 01:15:47** | **100** | **%** |

Критичките јавни настапи, предлозите и соопштенијата на опозицискиот СДСМ и на вонпарламентарните Левица, БЕСА и ДПА-ДР, било за постојните владини политики било за политиките на локалната самоуправа, адресирани се кон јасно определени надлежни министерства или органи на државната и на локалната управа (*„СДСМ најавува укинување на радиодифузната такса / одговор од УЈП – РДФ е законска обврска"; „БЕСА ги критикува лошо избраните рокови за реконструкција на одредени*

*училишта од регионите на тетовско и на липковско / локалната власт вели дека доцна пристигнале кредитите за таа намена").* Поголемата минутажа за директни обраќања прибележана кај СДСМ (како впрочем и вкупната минутажа за неговата застапеност во целината од вестите на МРТ2), делумно се должи на изјавите на партискиот лидер Зоран Заев дадени по повод вестите во низа за судскиот случај „Пуч". По интервјуто што специјалната јавна обвинителка Јанева го дала за МРТ1, а информативната редакција на албански јазик пренесува извадоци-поенти, во неколку изданија од Дневникот на МРТ2 се проследуваат низа партиски реакции (*„ВМРО ДПМНЕ: СДСМ и СЈО да не се однесуваат кон медиумите како ИСИС"; „ГРОМ: Карла дел Понте од Гевгелија на местото од Зврлевски"*).

Во статистиката од графите – *„други субјекти", „граѓански сектор"* и *„без субјекти"* - евидентирано е информативното време презентирано преку - изјави, разговори, интервјуа и/или анкети, отстапено за – експерти по геологија и сеизмологија, здруженија на граѓани, хуманитарни огранизации, граѓани од поплавените подрачја или засегнати од земјотресите во Скопје и скопско, уметници вклучени во тековни фестивали или уметнички проекти.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

На 19 септември, од 20:00:46 до 21:05:00 часот, емитувана е дебатната емисија „Про вита", со докторите по медицина Бари Абази и Мухамед Камбери, жители на селото Хасанбег. Од свој аспект говорат за (не)формалните – државни / граѓански процеси и иницијативи за ревитализација на селото најпогодено од годинашните летни поплави во скопско.

***Сектор за програмски работи***